**КАРТИЧКА СО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ПАЦИЕНТОТ**

- o РИБАС 10 mg филм-обложени таблети
- o РИБАС 15 mg филм-обложени таблети
- o РИБАС 20 mg филм-обложени таблети

Одберете ја пропишаната доза

**Носете ја оваа картичка секогаш со Вас.**
**Покажете ја оваа картичка на секој лекар или стоматолог пред почеток на лекувањето.**

**Јас сум на антикоагулантна терапија со лекот Рибас (rivaroxaban)**
Име и презиме:
Адреса:
Датум на раѓање:
Телесна тежина:
Други лекови/заболувања

**Во итен случај Ве молиме известете го:**
Име на лекар:
Телефонски број на лекар:
Печат на лекарот:

**Ве молиме исто така известете го:**
Име :
Телефонски број:
Поврзаност:

**Информација за лекарот:**

INR-вредностите не треба да се користат бидејќи тие не се соодветен показател на антикоагулантната активност на лекот Рибас.

**Што треба да знам за лекот Рибас?**

- Лекот Рибас ја спречува коагулацијата на крвта, со што ве заштитува од појава на опасни крвни згрутчувања (тромби).
- Лекот Рибас  мора да се зема точно онака како што ви пропишал Вашиот лекар. За да обезбедите максимална заштита од појава на крвни тромби, **никогаш не ја пропуштајте дозата.**
- Не смеете да престанете да го земате лекот Рибас без претходно советување со Вашиот лекар бидејќи така може да го зголемите ризикот од појава на крвни тромби
- Известете го Вашиот лекар ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате некој друг лек пред да започнете да го земате лекот Рибас
- Известете го Вашиот лекар дека употребувате Рибас пред било каква хируршка интервенција или инвазивна процедура

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**Кога требам да побарам совет од лекар?**

При употреба на лекови кои ја спречуваат коагулацијата на крвта, како што е лекот Рибас, важно е да бидете свесни за можните несакани дејства. Најчесто несакано дејство на лекот е крварењето. Не започнувајте да го употребувате лекот Рибас без претходно да се консултирате со лекарот ако знаете дека сте изложени на ризик од крварење.

Веднаш известете го Вашиот лекар ако забележите некои од знаците или симптомите на крварење како што се:

- болка
- оток или непријатност
- главоболка, вртоглавица или слабост
- невообичаено создавање на модринки, крварење од носот, крварење од непцата, крварење од исеченици на кои им е потребно подолго време за да престанат да крварат
- менструално или вагинално крварење кое е пообилно од вообичаеното
- крв во урина со розева или кафеава боја, црвена или црна боја на изметот
- искашлување на крв или повраќање на крв или содржина која личи на талог од кафе

**Како да го земам лекот Рибас ?**

За да обезбедите оптимална заштита, лекот РИБАС

- од 10 mg земајте го со храна или без храна
- од 15 mg и 20 mg треба да се зема со храна

**Пријавување на несакани дејства**

Ве молиме пријавете го секој сомнеж за несакани дејства од лекот Рибас (rivaroxaban), кај Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства кои не се наведени во упатството за пациентот. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства ( ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1, 1000 Скопје) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk

Исто така несакани дејства на лекот можете да пријавите и кај носителот на одобрението за ставање на лекот Рибас во промет во Р.С.Македонија.

Белупо ДООЕЛ Скопје
ул.3-Македонска бригада бр. 68, 1000 Скопје
Контакт:
Валентина Крстевска - одговорно лице за фармаковигиланца
телефон: 070 350 768
е-пошта: valentina@belupo.com.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ